## Семејно и наследно право

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Прилог бр. 3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | |
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Семејно и наследно право | | |
| 2. | Код | 50819 | | |
| 3. | Студиска програма | Правни науки | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Институт по Граѓанско право | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв циклус | | |
| 6. | Академска година /семестар | Втора година / трет семестар | 7. Број на ЕКТС-кредити | 8 |
| 8. | Наставник | Проф.д-р Дејан Мицковиќ, проф д-р Ангел Ристов, проф. д-р Елена Игновска | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | Согласно Одлука за правила на студирање на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, УКИМ | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции):<br>Со изучување на предметот семејно право и наследно право се очекува студентите да се стекнат со знаење за правното уредување на односите кои настануваат во бракот, вонбрачната заедница и семејството, како и да се здобијат со знаења за основните наследноправни институти со кои се уредува наследувањето во Република Северна Македонија. Исто така, се очекува да ги препознаваат, пребаруваат и толкуваат одредбите од Законот за семејството и Законот за наследувањето во конкретни случаи од праксата. | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма:<br>Предметот семејно право и наследно право претставува спој на два составни делови од граѓанското право. Семејното право како научна дисциплина ги изучува односите кои настануваат во бракот и семејството како и односите поврзани со старателството. Поконкретно, семејното право ги изучува: • основните поими за семејството и семејното право, изворите на семејното право, видовите на семејства и сродството; ● брачното право кое ги регулира односите меѓу брачните партнери кои настануваат со склучувањето на бракот, содржината на меѓусебните односи и престанокот на бракот. Освен бракот, тоа ја изучува и вонбрачната заедница и односите кои прозлегуваат од неа; • родителското право, со кое се уредени односите меѓу родителите и децата, засновувањето на родителскиот однос, родителските одговорности, вршењето на родителските одоговорности и нивниот надзор, престанокот и продолжувањето на родителското право; • посвојувањето; • старателството како институт чија цел е обезбедување заштита на малолетни лица без родителска грижа како и на полнолетни лица кои не се способни да се грижат за себе; • издржувањето на децата, родителите и на другите роднини, како и на брачниот партнер и • имотните односи на брачните и вонбрачните партнери, на родителите и децата. Наследното право како научна дисциплина ги изучува односите кои што настануваат по повод смртта на едно лице, односно преносот на имотни права и обврски од оставителот на неговите наследници. Во својата содржина тоа ги изучува: ● поимот и преметот на наследното право, правната природа на наследувањето, изворите и начелата на наследното право, современите тенденции во наследното право; • основните услови за настанување на наследно–правниот однос: настапувањето на смрт на оставителот, оставината, наследниците и правниот основ за наследување; • законското наследување; • нужното наследување; •тестаменталното наследување; • наследноправните договори; •судската пракса на Европскиот суд за човекови права во областа на наследувањето и •хармонизацијата на наследното право. | | | |
| 12. | Методи на учење: Следење на интерактивна настава од предметните професори, разјаснувања, практични примери, решавање на конкретни случаи, симулација на случаи и дополнителни консултации (по потреба). Активноста на студентите за време на часовите посебно ќе се цени и калкулира во завршната оценка. Студентите кои се присутни на наставата ќе имаат можност да ја поделат материјата и да ја полагаат во два дела: прв дел – семејно право и втор дел – наследно право. | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 160 | | |
| 14. | Распределба ,на расположивото време | 75+0+0+0+85 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 15. | Форми на наставните активности | | 15.1. | | Предавања - теоретска настава 75 |
| | | | 15.2. | | Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа 0 |
| 16. | Други форми на активности | | 16.1. | | Проектни задачи 0 |
| | | | 16.2. | | Самостојни задачи 0 |
| | | | 16.3. | | Домашно учење – задачи 85 |
| 17. | Начин на оценување | | | | |
| | 17.1. | Тестови | | | |
| | 17.2. | Индивидуална работа/проект ( презентација: писмена и усна) | | | |
| | 17.3. | Активност и учество | | | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | | | до 50 бода |
| | | | | | 51 х до 60 бода |
| | | | | | 61 х до 70 бода |
| | | | | | од 71 до 80 бода |
| | | | | | од 81 до 90 бода |
| | | | | | од 91 до 100 бода |
| 19. | Услов за потпис и за полагање завршен испит | | | | Не |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | | | | Македонски |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | | | Евалуација и самоевалуација |
| 22. | Литература | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | |
| | | Реден број | Автор | | Наслов |
| | | 1. | Мицковиќ Д., Ристов А | | Семејно право |
| | | 2. | Мицковиќ Д., Ристов А. | | Наследно право |
| | | 3. | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | |
| | | Реден број | Автор | | Наслов |
| | | 1. | Макед, С., Мерион Јанг И. | | Детето, семејството и државата |
| | | 2. | Мицковиќ Д., Ристов А. | | Законот за семејството |
| | | 3. | Мицковиќ Д., Ристов А. | | Законот за наследувањето |